# ДИМЧЕ
# КОЦО



17 - 30. IV.
1986

ДИМЧЕ КОЦО, историчар на уметноста и ликовен уметник.
Роден на 10. X. 1910 година во Охрид.
Дипломирал на Филозофски факултет во Белград (група историја на уметноста) во 1937г. Од 1945 г. работи во Скопје како директор на Народниот музеј, а од 1946г. предава историја на уметноста на Филозофски факултет во Скопје, сè до пензионирањето 1977г.
Активно дејствува и како уметник. Член е на ДЛУМ од 1945 г. Се занимава со сликарство, скулптура, посветувајќи им особено внимание на таписеријата и цртежот.
Студиски патувања: Франција, Италија, Германија, Грција, Бугарија.
Како историчар на уметноста и како ликовен критичар објавил повеќе статии во нашиот и странскиот печат, од областа на средновековната уметност, современата југословенска и странска уметност и од археологијата.
Член е на МАНУ од 1969 година, на Германскиот археолошки институт во Франкфурт на Мајна и почесен доктор на науките на Универзитетот во Безансон (Франција)
Адреса: Димче Коцо, ул. 11 Октомври бр. 26, 91000 Скопје

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1938 — Охрид (читална), слики и акварели
1957 — Скопје, Дом на ДСВР, слики и скулптури
1959 — Скопје, Работнички дом, слики и скулптури
1968/69 — Скопје, Уметничка галерија, ретроспективна изложба на слики, скулпутири, цртежи и таписерии
1972/73 — Скопје, МСУ, рстроспективна изложба на таписерии и цртежи
1973 — Белград, МПУ, ретроспективна изложба на таписерии и цртежи
1975 — Скопје, Центар за култура и информации — Скопје, „Грст ликовни творби", слики, скулптури, цртежи и таписерии
1976 — Охрид, Дом на културата, во чест на Основачкиот конгрес на друштвото на историчарите на уметноста на Југославија, таписерии и цртежи
1979 — с. Ракотинци, скопско (О. У. Драга Стојановска) во организација на МСУ, Скопје, слики, скулптури, таписерии и цртежи
1979 — Скопје, Центар за култура и информации — Скопје, таписерии и цртежи
1982 — Скопје, Центар за култура и информации — Скопје, ретроспективна изложба на слики, скулптури, таписерии и цртежи
1983 — Кавадарци, ретроспективна изложба

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Учествувал на голем број изложби организирани од ДЛУМ од 1945 г. во Републикава и надвор од неа.

ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАВА

1959 — Скопје, „15 години ликовно творештво во НРМ"
1960 — Нови Сад, Современа македонска уметност
1961 — Прилеп, изложба посветена на 20-годишнината од Народната револуција
1962 — Скопје, Збирка на ликовни дела, галерија на Работнички дом
— Скопје, Македонски портрет на XIX и XX век
— Скопје, „Скопје низ ликовни дела"
1963 — Белград, Современа југословенска таписерија
1964 — Охрид, Современа југословенска уметност
— Штип, Современа македонска уметност
1966 — Титов Велес — НОВ и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници



1967 — Скопје — Современа македонска скулптура
— Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија
1970 — Скопје, Моето сакано дело
— Скопје, Слики и скулптури од колекцијата на МСУ, Скопје
1971 — Скопје, Делата на македонските уметници од колекцијата на МСУ, Скопје
1971/72 - Скопје, Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници
1973 — Кичево, Ликовни творби на тема НОВ
— Титов Велес, Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници
1974 — Винковци, Македонско современо сликарство
1976 — Загреб, Изложба на македонските ликовни уметници во рамките на Деновите на македонската култура во Загреб
1978 — Охрид, Македонска уметност
1980 — Скопје, изложба на откупени дела од Републичката СИЗ на култура

— Охрид, Македонска таписерија (во рамките на Балканскиот фестивал)
1982 — Скопје, Современа македонска ликовна и применета уметност од колекцијата на МСУ, Скопје

ИЗЛОЖБИ ВО СТРАНСТВО

1962 — Дижон (Франција), Ликовна и применета уметност во Македонија
1969 — Ферара (Италија), Изложба на македонски уметници
1973 — Ковентри (Англија), Современа југословенска уметност
1977 — Атина, Современа југословенска уметност
1983 — Рим, Југословенска таписерија
1985 — Дрезден, Современа македонска таписерија
1985 — Лоѓ (Полска), Триенале насовремена таписерија

НАГРАДИ

1949 — Награда за наука на Владата на НРМ, Скопје
1960 — Октомвриска награда на СРМ за наука, Скопје
1969 — Наградата „Нерешки мајстори" за таписерија на Есенската изложба на ДЛУМ, Скопје
— награда за животно дело на градот Охрид
1973 — Октомвриска награда на СРМ за животно дело, Скопје

Неговите дела се наоѓаат во повеќе музеи, галерии и работни организации во земјата и странство: Скопје (Уметничка галерија, Музеј на современа уметност,Ману, Републички секретаријат за култура, Собрание на град Скопје и др); во Штип (Народен музеј); во Охрид (Народен музеј); Струмица (Работнички универзитет); Загреб (Музеј за умјетност и обрт); Торонто (Уметнички музеј), како и во повеќе приватни колекции.





ТАПИСЕРИИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. ВОСХИТ ОД НОЌТА, | 1981 | 300x156 |
| 2. АНГЕЛ НА МИРОТ, | 1984 | 164x124 |
| 3. РАЗГОВОР, | 1984 | 114x63 |
| 4. ТАМО Е ОХРИД, | 1985 | 153x99 |
| 5. МАНАСТИРСКИ ДВОР, | 1986 | 100x46 |
| 6. СРЕДНОВЕКОВЕН ДУХОВНИК III | 1986 | 115x72 |
| 7. РАЗИГРАН ПЕТЕЛ, | 1986 | 79x72 |
| | 1986 | |

АКВАРЕЛИ

| | |
|---|---|
| 1. ОХРИД — КУЌАТА ОД КАРЧЕВЦИ, | 1939 |
| 2. ОХРИД — КУЌАТА ОД МАЈКА МИ, | 1940 |
| 3. АКТ, | 1957 |
| 4. ЕНТЕРИЕР, | 1958 |
| 5. ОД МОЈАТА ГРАДИНА I | 1985 |
| 6. ОД МОЈАТА ГРАДИНА II | 1985 |
| 7. ОД МОЈАТА ГРАДИНА III | 1985 |
| 8. ОД МОЈАТА ГРАДИНА IV | 1985 |
| 9. ОД МОЈАТА ГРАДИНА V | 1985 |
| 10. ПИЕТА (I, II, III, IV), | 1960 |
| 11. ЦВЕТ И МАЈКА СО ДЕТЕ, | 1961 |
| 12. ЦВЕТ И МАЈКА СО ДЕТЕ, | 1962. |

ЦРТЕЖИ

30 ЦРТЕЖИ на тема МАЈКА СО ДЕТЕ и други

## НАЈНОВИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА ДИМЧЕ КОЦО

Оваа самостојна изложба на Димче Коцо го продолжува уметниковото настојување последователно да го претставува своето творештво (започнато уште во четвртата деценија на овој век), во повеќе ликовни дисциплини: таписедијата, цртежот и акварелот. И овој пат се потврдува дека највпечатлив дел на Коцовите остварувања се таписедиите, а дека цртежот многувидно е испреплетен со нив: како скица — проект или самостоен ликовен израз што им е ликовно сосема соодветен. И акварелите (освен некои предвоени) всушност се поврзуваат со одделни маргинални детали во таписедиите (бордурите, заднината).

Општо земено, најновите остварувања ја следат стилската насоченост на Коцо од последното десетилетие. Меѓутоа, во некои таписедии поранешните решенија не се отфрлени или коренито изменети, туку промислено се развиени или дополнети со нови моменти во веќе порано применувани постапки. Всушност, Коцо се стреми своето творештво постојано да го гради во согласност со некои најбитни лични определби за уметноста; но со усет и смисла да ги усогласува и со промените на својата личност и на времето во кое тој живее.

Изложените таписедии обработуваат мотиви што му припаѓаат на сето досегашно уметничко истражување на Коцо, а се карактеристични и за некои битни појави во македонското ликовно творештво: тој е од оние уметници кои се однесуваат кон минатото како кон темелен слој на кој се опира нашата современа култура. Тој слој за Коцо е вграден пред сè во уметнички дела. Но и во секој предмет што е произведен за да разреши која и да е човекова животна потреба, во колку презел форма што не е само нејзино грубо задоволување, туку е и израз на „авторовата" творешка природа. Со ваков содржаен и недогматски однос, Коцо се однесува без предрасудоци кон кој и да е поттик произлезен од целосното негово искуство. Научникот, познавачот на широки подрачја на некогашната уметност и (активно-критички и творечки) заинтересиран за современата, се обединува во Коцовата уметничка личност. Во неа не надвладува кој и да е од овие нејзини ангажмани, туку се сплотени и во особено творечко единство.

Поради тоа, интелектуалната љубопитност на Коцо, умеењето филозофски да го согледа и емотивно да го продлабочи значењето на секоја појава во хоризонтот на својот животен интерес, се вградуваат во карактеристично ликовно обликување: со својата визуелна привлечност, тоа може да создаде привид дека е можно непосредно, со еднонасочен однос кон делото на уметникот, да се разбере поводот на неговото настанување. Навистина, Коцо се користи со стеснет број на елементи за составување на своите таписедии: а нивната поединечна изразителна визуелна едноставност, ја прикрива повеќеслојноста на смислата што уметникот им ја определил.

Како носители на значења и мотивите на Коцовите најнови таписедии и цртежи се организирани во вид на метафори, алегориски или симболични состави. Има и некои сугестии за своевидно доближување до „метафизичките сфери" („Ангел на мирот", таписедија). Или, во зависност од случајот, се составени како ликовни „гатанки", сентенци на животот или стегнати визуелни поеми. И овој поетски карактер на Коцовите остварувања е многувидно условен. Тој е вљубеник во милозливо, лирско-носталгично поетско кажување; а е податлив и за јадровитиот исказ, за едноставната привлечност но и за богатата фантазија на народната поезија и мисла. Со завидна смисла за избор на соодветни знаци, Коцовите ликовни состави визуелно ја „преведуваат" таа негова чувственост. Така тој и симболистичко-надреалистичката уметност на нашата епоха исто така авторски ја користи.

Поетичко-стилската анализа на Коцовите творби навестува дека во процесот на нивното настанување се содржани и други суштествени претпоставки. Уметникот проникливо ги користи материјалите (памук, волна, козина, срма, свила; разновидни бои) за своите таписедии: со културата и логиката на обработка што се опира на нивната физичка граѓа, тие се претвораат во сложен и карактеристичен ликовен израз.

Во него надвладува експресионистичка изразеност, здружена со смислата за архаично составена форма: нејзиното аглесто, грубо, необично „извртување" („Мориц е Охрид") за да се изведат непривлечни, често фантастички преиначени фигури (човечки, животински, на предмети) и грди, монструозни ликови — се сменува со истанчени, манирично заоблени контури на мотивите и рафинирано колористичко усогласување. За сето тоа Коцо ја користи, смело преиначувајќи ја, логиката и култивираноста на некогашни ликовни постапки (на византиската и ориенталната уметност и на фолккорот („Средновековен духовник") Допирањето со современи стилски движења се состои во неконвенционалната експресионистичка или кубистичка преобразба на формите. Во една од изложените таписедии: „Восхит од нокта" (198 усогласувањето со некои видови на поновата таписедија е изразено и во изборот на смислената, рустикален материјал на основата („козина"), во скржавата обработка на мотивот поставен како древен пагански ритуал.

Во колку и за состојбата на нашата денешна уметност важи ставот дека: „Минатото, со сите свои манифестации е производ на сегашноста, не само зашто секоја историска констелација е во особена развојна линија и има свои сопствени претпоставки што токму го формираат минатото на дадена сегашност, туку и поради тоа што од различните гледни точки дадени од случај до случај се јавуваат различни аспекти на исти процеси" (А. Хаузер), ќе треба да се разгледа творештвото на Коцо и во врска со некои битни движења на таканаречената постмодерна уметност. Со ова сакав да ја сугерирам и оваа понеспоредна актуелност на најновите истражувања на Димче Коцо.

*Борис Петковски*





ИЗДАВАЧ: Центар за култура и информации: — Скопје
ЗА ИЗДАВАЧОТ: Директорот м-р Ѓорѓија Најдески
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА: Теофил Шулајковски — Тофе
ТЕХНИЧКА ПОСТАВКА НА ИЗЛОЖБАТА: Трајче Димовски
ТИРАЖ: 400
ПЕЧАТНИЦА: „НОВА МАКЕДОНИЈА"

Изложбен салон I на Центарот